

Број 6
јануари - март 2006

# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

Блажен е човекот, кој се здобил со мудрост и човекот кој спечалил разум; подобро е да ја добиеме неа, отколку ризници со сребро и злато

(Книга Соломонови изреки 3, 13-14)

## УПРАВУВАЧКАТА ГРУПА НА МСМ ЈА ОДРЖА СВОЈАТА ПРВА СЕДНИЦА ГОДИНАВА

**Во просториите на МЦМС, на 02.03.2006 година, членовите на Управувачката група на МСМ ја одржаа својата прва средба годинава.**

На седницата учествуваа претставници од Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница во РМ. Покрај претставниците на верските заедници, на седницата учествуваа претставници од МЦМС и еден претставник од Норвешката црковна помош (НЦА).

Претставниците на Управувачката група имаа можност да дискутираат за успесите од спроведените активности од минатата година, како и да го изнесат своето мислење за активностите коишто се планираат за оваа година. Најактуелни активности коишто се планирани за 2006 г. се повторното отворање на инфоканцеларијата и дијалог-центарот и посетата на позитивните примери.



Инфоканцеларијата во 2004 година претставуваше место за средби, состаноци и дебати помеѓу претставниците од различни верски заедници. Исто така, овој центар имаше и информативен карактер, односно во рамките на центарот беа изложени публикации од различните верски заедници. Изложените публикации имаа за цел да ја информираат општата јавност за верските заедници во Македонија.

Повторното отворање на еден ваков центар побарува од верските заедници добро да го осмислат начинот на неговото функционирање. Инфоцентарот би требало да вклучи поширок спектар на активности. На седницата беше предложено истиот да биде и седиште на Меѓурелигискиот совет.

На седницата беше даден предлог од г. Михаил Цеков, надзорен пастор при ЕМЦ, за организација на меѓурелигиска конференција, на која би биле поканети гости предавачи од САД. Конференцијата е планирана да се одржи во периодот од 3 до 6 април, 2006 година. На конференцијата се очекува учество од претставниците од петте верски заедници во РМ - истакна г. Михаил Цеков. Од тие причини беше побарана логистичка поддршка од претставниците на овие верски заедници. Во овој период се очекува мислењето на верските заедници за организација на конференцијата.

**Подготвила:**
**Дервиша Хаџиќ - Рахиќ**

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЦМС ОДОБРИ ПЕТ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА МСМ

**На 28.03.2006 година, Управниот одбор на МЦМС ја одржа својата трета седница**

На својата трета седница, која беше одржана на 28.03.2006 година, Управниот одбор на МЦМС одобри четири проекти од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија и една измена на проект.

Беа одобрени следните проекти: Размена на знаења за други религии; Обука за основни вештини; Јакнење на теолошките факултети; Билтен за меѓурелигиска соработка и измената на проектот Компаративни преводи.

Во наредниот период се очекува да започне спроведувањето на планираните активности од одобрените проекти.

**Подготвила:**
**Дервиша Хаџиќ - Рахиќ**

страна 2 Меѓуверски дијалог
страна 3 Конференции, средби и дебати
страна 4 Верски празници
страна 5 Верски празници
страна 6 Крводарителство Католичка црква
страна 7 Евангелско методистичка црква Еврејска верска заедница
страна 8 ИНФО

# Мултиконфесионална интерна конференција во Република Македонија

**Првата мултиконфесионална интерна конференција во Република Македонија за унапредување и збогатување на меѓурелигиската соработка се одржа во Охрид, на 26 февруари 2006 година.**



Таа претставува дел од активностите на Меѓурелигискиот совет во Република Македонија. Организатор на Конференцијата беше Македонската православна црква, односно проф. д-р Ратомир Грозданоски, протоѓакон, претседател на Советот за меѓурелигиска соработка во РМ.



На Конференцијата учествуваа членовите на Советот, претставници од Православниот и од Исламскиот факултет од Скопје, а главно, православни парохиски свештеници и имами, како и православни христијани и муслимани од Охрид, од Струга и од Дебар.
Конференцијата се одржа во форма на отворена трибина и јавна дебата за меѓурелигиското разбирање и соработка во Република Македонија. Таа започна со воведно предавање од проф. д-р Ратомир Грозданоски, протоѓакон, на тема: „Верувај во едниот Бог и не убивај го, туку сакај го ближниот" (поврзано со првата и шестата заповед од Декалогот). Потоа следуваше дебата и меѓусебен разговор за конкретни примери на заедничко живеење и добро разбирање меѓу свештениците и оџите, како и меѓу верниците христијани и муслимани во Охрид, во Струга и во Дебар.
Конференцијата заврши со заедничка вечера и остварување лични пријателства и контакти.

# Свечен Божикен прием

По повод големиот христијански празник на Рождеството Христово – Божик, неговото блаженство, архиепископот охридски и македонски, господин господин Стефан, организира свечен божикен прием на 8 јануари 2006 година во просториите на Македонската архиепископија. На приемот присуствуваа архиереи, претставници од дипломатскиот кор, претставници од општествениот, политичкиот и културниот живот во Македонија.
На овој божикен прием свое учество зедоа и лидерите на верските заедници во Македонија. Овој гест на меѓурелигиска соработка Македонската православна црква го возврати така што на приемот којшто го организира Исламската верска заедница по повод големиот исламски празник Курбан Бајрам на 10 јануари 2006 година, присуствуваа претставници од Македонската православна црква.

## Најава за настан

Од 03-05 Април 2006 година во Струмица ќе биде одржана Интер религиска конференција. На конференцијата со свои предавања ќе учествуваат претставници од петте верски заедници, како и професори од теолошките факултети во Македонија. Генералната тема на конференцијата е: Меѓусебните релации на религиите во новонастанатиот плуралистички свет. Предавачи на конференцијата ќе бидат и проф д-р Роберт Ханд од САД, како и проф д-р Хелмут Науснер, Австрија.

# Средба на неговото блаженство, архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан со делегацијата на Исламската верска заедница од Република Турција

На 26 јануари 2006 година, неговото блаженство, архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан, во просториите на Македонската архиепископија ја прими делегацијата на Исламската верска заедница од Република Турција. Делегацијата ја предводеше проф. д-р Али Бардакоглу, претседател на Исламската заедница во Р. Турција, доцент д-р Мехмед Гормез, заменик-претседател, а беа придружувани и од неговата екселенција, г. Танер Каракаш, амбасадор на Турција во Македонија, хаџи Бахри еф. Алиу, заменик-реис ул улема на Исламската заедница во Република Македонија, хаџи Јакуп Селимовски и други. На средбата се разговараше за местото и



улогата на верата и верските организации во современото општество, како во Македонија, така и во Турција.

**Подготвила:**
**Анета Јовковска, Соработник од БФ**

# Поттик за соработка

Во декември, 2006 година, на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски" беа донирани 5 компјутери и печатачи од страна на еврејското хуманитарно друштво „Добра волја" од Скопје. Компјутерите ги врачи господин Виктор Мизрахи од Еврејската заедница во Р.



Македонија, на што деканот на Богословскиот факултет, проф. д-р Јован Белчовски, искрено му заблагодари, истакнувајќи дека оваа донација е навистина добредојдена бидејќи новата компјутерска опрема беше неопходна за потребите на Богословскиот факултет.
Еврејското хуманитарно друштво „Добра волја" од Скопје донираше компјутери и на Факултетот за исламски науки.

**Подготвила:**
**Анета Јовковска, Соработник од БФ**

# Ставот кон крводарувањето

## - осврт на христијанството и исламот

**Дали Вие сте дарувале крв? Ако сте здрав и расположен, појдете до најблиската служба и подајте ја својата рака! Знајте дека дарувањето крв не е само подавање рака, туку тоа е „чувство на солидарност со болниот". На тоа Ве учи и Вашата вера.**

Верските мотиви на луѓето за нивниот став кон крводарувањето како израз на возвишен чин на хуманост и алтруизам можат да се согледаат и да произлезат само во рамките на генералното учење за одредена религија поставено во нивните извори. Изучувањето на светите книги укажува на големо меѓусебно влијание, поаѓајќи од Хамурабиевиот Законик, хебрејската Тора, па Стариот и Новиот завет до Куранот и Хадисот. Тоа што се проткајува и провејува во сите нив е прашањето за творителноста на човекот, за неговата љубов кон ближниот и морална чистота.

Законитостите во Стариот завет не се дадени како нешто што спречува, туку да го водат човековиот одговор на Бог, како што и Исус вели дека „Законот и пророците можат да се сведат на големи заповести - луѓето да го љубат Бога со целото свое битие, а својот ближен како себе самиот". Во таа смисла може да се сфатат зборовите на апостол Павле, кој вели: „Љубовта е исполнување на законот„.

Исламот зазема позиција дека сите луѓе на земјата се создадени од Алах со создавањето на првиот човек Адем, односно од неговата крв продолжило наследството, па сè до ден-денешен. Разгледувајќи го хуманиот аспект на исламот, се поаѓа од јасната куранска концепција, која без сомнение нема паралела. „И заради тоа им пропишавме на синовите Израилови дека, секако, оној кој ќе убие еден човек, како да ги убил сите луѓе, а оној кој ќе спаси еден човек, како да ги спасил сите луѓе... „.(Куран, Сура Маида, 32 цитат.)



Спасувањето на човечкиот живот во светлината на куранскиот цитат се смета за верски чин, добро дело. Љубовта кон ближниот како кон самиот себе во христијанството исто така подразбира несебична жртва. Таа жртва, кога станува збор за крводарувањето, и не е жртва во вистинската смисла на зборот, бидејќи дарувањето крв од здрави луѓе, со почитување на медицинските критериуми, воопшто не го нарушува човечкото здравје.

Како што биолошките потреби се својствени за сите луѓе, така и болката и крвта се својствени за сите луѓе. Значи, без разлика на верската припадност, вреднувањето на животот и крвта, која живот значи, се единствени, како што се единствени и симболите на Меѓународната хуманитарна организација на Црвениот крст и на Црвената полумесечина.

**Подготвиле:**
**д-р Горан Андонов**
**(спец. трансфузиолог)**
**д-р Павлина Герасимова**
**(с пец. трансфузиолог)**

# Работна верзија на Законот за црквите, верските заедници и религиозните групи

**Заради изнаоѓање најадекватни законски решенија за проблемите со коишто се соочуваат претставниците на верските заедници и религиозните групи во праксата, беа одржани две расправи со претставниците на религиозните групи во Република Македонија и повеќе расправи со претставниците на Меѓурелигискиот совет**

При изготвувањето на работната верзија на Законот беа разгледани законите за религија на повеќе земји, меѓу кои и на Србија и Црна Гора, на Босна и Херцеговина, на Хрватска, на Бугарија, на Австрија, на Романија, на Португалија, на Литванија, на Русија, на Шведска и на Германија.

Со оглед на фактот дека остварувањето на слободата на вероисповед е една од темелните вредности на нашиот правен поредок, во изготвувањето на регулативата од оваа област Комисијата соодветно вклучи и претставници на верските заедници и религиозните групи, претставници на НВО, граѓани и експерти. Заради изнаоѓање најадекватни законски решенија за проблемите со коишто се соочуваат претставниците на верските заедници и религиозните групи во праксата, беа одржани две расправи со претставниците на религиозните групи во Република Македонија и повеќе расправи со претставниците на Меѓурелигискиот совет.

Во оваа насока се одржа дебата за работната верзија на Законот за верските заедници и религиозни групи во организација на НВО „Европска младина на Македонија" и во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. На оваа дебата, покрај претставниците на Комисијата и изготвувачот на работната верзија, присутни беа и проф. д-р Јован Корубин, ВМРО-Народна партија, ВМРО-Македонска партија, ЛДП, Хелсиншкиот комитет, СОРОС и Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Анализа на работната верзија на новиот закон за црквите, верските заедници и религиозни групи низ перспективата на стандардите на ЕУ беше направена на Конференцијата на тема „Слободата на религијата и уверувањето во Република Македонија", организирана од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

На почетокот на минатиот месец, на покана на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, во Скопје престојуваа проф. Малком Еванс, професор на Универзитетот во Бристол и проф. Герхард Роберс, професор на Универзитетот во Трир, експерти на ОБСЕ од областа на слободата на религијата. За време на нивниот тридневен престој, беше разгледана работната верзија на Законот и беа разменети искуства и мислења од областа на дејствувањето на верските заедници и религиозните групи и слободата на религијата.

**Подготвила:**
**Зорица Ковачевиќ,**
**раководител на сектор при Комисија за односи со верски заедници**

# Донација за НВО Толерантна младина

На 23 јануари 2006 година, во просториите на НВО Толерантна младина – Рини толерант, во Дебар, со благослов на игуменот на Бигорскиот манастир на Свети Јован Крстител, архимандрит Партениј, свештеномонахот Доситеј на членовите на оваа организација им подари компјутер.

Веќе подолго време постои меѓусебна соработка со оваа и со други организации коишто работат на развивање на толеранцијата меѓу младите од различни етнички и верски групи, а истовремено се залагаат за мирно решавање конфликти, како и за зголемување на степенот на демократија.

Македонската православна црква смета дека ова треба да послужи како поттик дебраните да продолжат со помагањето на ваквите младински организации, со надеж дека од Дебар ќе стигне пораката за меѓусебно дружење и соработка на младите низ цела Македонија.

**Подготвила: Анета Јовковска**
**Соработник од БФ**



# Деветтото собрание на Светскиот совет на црквите

Деветтото собрание на Светскиот совет на црквите (ССЦ), кое се одржа во Порто Алегре (Бразил) од 14 до 23 февруари, беше насловено како „Господе со Твојата Височ, измени го светот".

На Собранието во молитва, слава и ослободување учествуваа четири илјади христијани од секаде низ светот. Средбата на Собранието во Бразил беше токму на покана од бразилските членки на ССЦ и од Бразилскиот национален совет на христијанските цркви.

Порто Алегре е најголемиот град во јужен Бразил со популација од 1,5 милиони луѓе. Порто Алегре стана водечки центар на културата и образованието, а од неодамна и домаќин на Светскиот социјален форум на народната демократија и партиципација.

Собранието е врховно законодавно тело на ССЦ коешто се состанува еднаш на седум години. Пропишаната цел на Собранието е да ги разгледа програмите и да ја утврди целокупната политика на ССЦ, како и да избира претседател и да назначува членови од Централниот комитет, кое служи како главно водечко



тело на ССЦ до наредното собрание.

Во Порто Алегре преку 700 делегати и нивни соработници од 340 цркви членки на ССЦ едногласно работеа според програмата којашто ги вклучуваше молитвите, учењето на Библијата, тематски пленарни сесии и работа на Комитетот. Покрај работата на Комитетот и бизнис-сесиите за делегатите, Собранието беше исто така место за славење и споделување за илјадници посетители на настанот.

Истакнувачкото мото на 9-тото собрание беше екуменската партнерска програма „Mutirão" – португалски збор којшто значи доаѓајќи заедно, славејќи заедно. Од оваа причина, ССЦ овозможи простор којшто беше широко отворен за црквите, екуменските организации и групи од секаде низ светот.

Дневната програма на „Mutirão" вклучуваше ранг-презентации, изложби и дискусии за сите учесници на Собранието. За време на програмата, имаше неколку пленарни сесии коишто беа значајни за црквите и за нивните екуменски движења.

Темите на пленарните сесии беа: Економска правда – дали е можен свет без сиромаштија; Христијанскиот идентитет и религиозниот плурализам; Младината го надминува насилството; Пленарна сесија за Латинска Америка; Црковното единство и Господе со Твојата Височ измени го светот.

**Подготвила:**
**Дервиша Хаџиќ - Рахиќ**

# Дел од пораката на папата Бенедикт XVI за големиот пост 2006

Драги браќа и сестри!

Големиот пост е привилегирано време за духовно патување кон Оној кој е извор на милосрдието. Тоа е патување во кое Тој нè прати преку пустината на нашето сиромаштво и нè поткрепува на патот кон големата радост на Велигден. И во „смртната долина" за којашто говори псалмистот (Пс.23,4), додека искушувачот нè наговара да се разочараме или пак да ставиме лажна надеж во делото на нашите раце, Бог нè чува и ни помага. Да, и денес Господ го слуша молењето на мнозина кои се гладни за радост, мир и љубов. Како и во секое време, тие се чувствуваат напуштени. Но, сепак, и во големата беда, осаменост, насилство и глад, кои, без разлика, ги погодуват старите, возрасните и децата, Бог не дозволува целосно да завладее ужасен мрак. Имено, како што пишуваше мојот мил претходник Иван Павле II, постои некоја „граница којашто Бог му ја постави на злото". Тоа е перспектива во којашто на почетокот од оваа порака сакав да го ставам евангелскиот текст според којшто Исус „Штом виде многу народ, се сожали" (Мт.9,36). Во тоа светло би сакал да се задржам на прашањето за коешто многу се разговара помеѓу нашите современици: за прашањето на развојот. И денес трогателниот Христов „поглед" не престанува да се спушта на луѓето и на народите. Тој ги гледа и знае дека по Божјиот „проект" се повикани на спасение.

Просветлена со таа воскресна вистина, Црквата знае дека е потребно, за да може да го промовира полниот развој, за да биде нашиот „поглед" кон човекот според примерот Христов, во ова наше време на големи промени, во кое сè поживо и поитно ја согледуваме својата одговорност кон сиромашните во светот. Веќе мојот почитуван претходник, папата Павле VI, јасно ги препозна штетите од неразвиеноста, која води кон деградација на човекот, поради што во својата енциклика напиша „Популорум прогрессио", дека понижувачките структури, било тие да произлегуваат од злоупотребата на оние кои ги поседуваат или од оние кои се на власт, било од искористување на работникот или пак неправедните договори" (бр. 21). Како противлек на тие зла, папата Павле VI не предлага само „поголемо почитување на достоинството на другите, усмерување кон духот на сиромаштвото, соработка во корист на заедничкото добро, желба за мир", туку „човекот да ги признае врховните вредности и Бога, што им се извор и цел". Поради тоа, првиот придонес што го нуди Црквата за развој на човекот и народите не се состои во материјалните средства или технички решенија, туку во навестувањето на Христовата вистина којашто ја воспитува совеста и поучува за вистинското достоинство на личноста и работите, промовирајќи го оформувањето на културата, која навистина одговара на сите човекови прашања.

Пред страшните предизвици на сиромаштвото на многу страни од човештвото, рамнодушноста и затвореноста во својата себичност се спротивставуваат на Христовиот „поглед". Постот и милостината коишто Црквата на посебен начин, заедно со молитвата, ги предлага во ова посно време, како поволна прилика за да се усогласиме со тој „поглед". Примерите на светците и многуте мисионерски искуства коишто ја карактеризираат историјата на Црквата се скапоцени упатства за тоа како на најдобар начин да се поддржи развојот. И денес, во времето на глобалната меѓусебна зависност, може да се констатира дека ниту еден економски, социјален и политички план не јо надополнува помошта своја на другите, преку којашто се искажува љубовта. Тој кој работи по таа евангелска логика ја доживува верата како пријателство со овоплотениот Бог и, покрај Него, ги зема на себе материјалните и духовните грижи на ближниот, гледа на него како на неизмерна тајна, достојна за бесконечна грижа и внимание, знае дека оној кој не дава на Бога, дава премалку, како што говореше блажена Мајка Тереза: „Првото сиромаштво на луѓето е во тоа што не го познаваат Христа".

Благодарејќи им на мажите и на жените послушни на Светиот Дух, во Црквата се родија многу дела на љубов водени од промовирањето на развојот: болници, универзитети, училишта за професионално образование, микропроекти. Со истото Исусово сочувствување над мноштвото, Црквата и денес чувствува како своја задача да бара од оние кои се задолжени за политиката и во своите раце кои ги имаат стопанствените лостови и финансиската моќ за да го промовираат развојот што го почитува достоинството на секој човек. Вистинска потврда на тој народ ќе биде вистинската верска слобода, која нема да биде едноставно сфатена како можност за навестување и славење на Христос, туку исто така ќе придонесе кон изградбата на светот којшто ќе биде инспириран од љубовта. Веќе во историјата на човештвото, кога изгледаше дека завладеа омразата, Господ не дозволи да исчезнат јасните сведоштва на неговата љубов.

На Марија, која е „жив извор на надежта", ѝ го поверувам нашиот пат на Големиот пост, да нè доведе до својот Син. На Неа на посебен начин ѝ го доверувам мноштвото коешто и денес е искушувано од сиромаштвото, молат помош, поддршка и разбирање. Со такво чувство на сите ви поделувам посебен апостолски благослов.

**Превод:**
**Марјан Ристов**

# Семинар за проповедници, помошни проповедници и соработници при ЕМЦ во Македонија

## Душегрижништво, служење, а не владеење

**Во периодот од 30.01.2006 до 02.02.2006 година, во просториите на Центарот Мис Стон во Струмица, се одржа семинар на темата „Душегрижништво, служење, а не владеење".**

На темата со свои предавања се претстави професорот Хелмут Науснер (надзорник во пензија при ЕМЦ во Австрија, претседател на Екуменскиот сојуз на црквите во Австрија и професор по теологија на колеџот Мартин Лутер во Австрија).
Би сакала само накратко да изнесам дел од предавањето.
Постојат разни социјални институции каде психолози, психијатри, социјални работници се грижат да го оттргнат човекот од дрога, алкохол и ред други пороци, кои можат да го заробат. Тие институции се од голема важност за овој свет и имаат добри успеси, особено на младите



зависници на кои им се помага да ја надминат зависноста и да продолжат со својот живот.
Но, дали душегрижништвото е потребно само за посебни зависници (алкохол, дрога), или секој човек има потреба од тоа?
Душегрижништвото е продолжен процес и човекот има потреба од тоа до крајот на својот живот. Бог во Исуса Христа даде добар пример на служење. Исус е пример на жртва. Од љубов за човечкиот род се жртвува себеси и секој кој верува во Него да не погине, но да има живот вечен. За да се жртвуваш за некого, значи треба да го сакаш. Без љубов, нема жртва. Без љубов, не можеш да го разбереш другиот. Без љубов, не можеш да служиш. Без љубов, не можеш трпеливо да ги слушаш проблемите на другиот. Без љубов, не можеш да бидеш понизен, не можеш да го носиш ни човекот кој има различности во верувањето, т.е. различен поглед на нештата. Без љубов, имено без љубовта божја во тебе, не можеш да бидеш вистински душегрижник за секого во неволја.
Душегрижништвото се состои од следниве битни карактеристики: слушање, водење и утешување.
1. Слушањето значи дека треба внимателно да ја ислушаш личноста. Таа треба да стекне доверба во тебе, а ти треба да сочувствуваш со неа, за да можеш да навлезеш во нејзиниот проблем.
2. Следењето го означува моментот кога душегрижникот го осознал проблемот и кога треба да ја придружува личноста во нејзиниот живот. Душегрижникот треба пред сè да го прави тоа со љубов, да ги споделува секојдневните работи со личноста, трпеливо носејќи ја, да помага без да ветува дека ќе направи чудо од неа, а подготвен да ја следи личноста па дури и до смртта.
3. Утешувањето ја означува способноста на душегрижникот да ја сослуша и утеши личноста во секој дел од денот, а тоа значи и ноќе ако се јави, да има трпение да ја сослуша и утеши, да бара решение за проблемот којшто му е поставен. Како душегрижникот ќе може да утешува, ако самиот тој не е смирен? Од каде доаѓа смиреноста? Исус вели: Дојдете при Мене сите изморени и оптоварени и Јас ќе ве успокојам! Утеха преку Евангелието. Исус ветува простување на гревот. Исус знае од што имаш потреба, но ти тоа треба да го осознаеш! Како? Преку читањето на Библијата, зборот божји. Таму каде има простување на гревот, таму настапува мир, радост и славење на Бога! Како што веќе рековме: душегрижникот може да се посвети во служба на човек во потреба, ако е целосно опфатен од љубовта Божја. Како таков, во него има дух на простување, живее во мир со секого, се моли на Бога за своите слабости, а и за слабостите на другите. Исус вели: Одете и правете така, за да бидете благословени!

**Подготвила:**
**Милица Попризова**

# Меѓурелигиска соработка во Македонија

На 27.12.2005 година на Факултетот за исламски науки се одржа предавање на надзорниот пастор на ЕМЦ Михаил Цеков на темата Протестантизам. На предавањето најпрво беше даден краток вовед за раното христијанство и појавувањето на Првата црква. Веднаш потоа предавањето беше насочено кон запознавањето со настанокот на протестантизмот, кое било поврзано со Мартин Лутер, формирањето на Лутеранската црква, а потоа и методизмот.
На предавањето беше истакнато дека Евангелско-методистичката црква во Македонија постои повеќе од 150 години, како и дека има 13 заедници во Македонија со околу 6.000 верници.
Запознавањето со учењето на други верски заедници ќе биде од големо значење за нивната работа како теолози. Имаме Еден Бог, Кој не возљубил, а ние сме Негови деца и треба да живееме и да се почитуваме во таа Божја љубов

**Подготвила:**
**Милица Попризова**

# 63 години од Холокаустот во РМ

**На 11.03.1943 година 7.230 македонски евреи од Скопје, од Битола и од Штип беа депортирани во логорот на смртта од каде никој не се врати. Нивните потомци секоја година се поклонуваат на споменикот, кој молкум опоменува и потсетува дека животот е вредност којашто нема цена, а евреите од Македонија платија голема историска сметка.**

Еврејската заедница во Република Македонија ја одбележа депортирањето на македонските евреи во логорот на смртта Треблинка во Полска.
Вложувањето во културниот, социјалниот и политичкиот живот во предвоениот период е инвестиција што ја паметат и ќе ја паметат генерациите коишто живееле на овие простори заедно со нивните пријатели евреи. Токму затоа на меморијалниот ден почит им оддава целокупната македонска заедница, од претставници на институциите, до највисокиот раководен врв во државава.
Споменикот во Тутунскиот комбинат во Скопје е првото место на коешто се споменуваат имињата на депортираните евреи. На 12 март беше посетен и меморијалниот центар којшто е во изградба, а ќе биде „жив спомен" и единственото место каде ќе може да се доживее вистинскиот соживот на евреите и сите други, пред нивната депортација. Последното место на коешто молчењето е знак на длабока почит се еврејските гробишта во Бутел. И оваа година претседателот на Еврејската заедница - Здравко Шами, потсети на Холокаустот во Македонија, а веднаш потоа беа посетени и партизанските гробишта каде гостите од странство и членовите на еврејската заедница положија цвеќе.
Делегација од меѓународни еврејски институции и амбасадорот на Израел во РМ, Ирит Бен Ари, беа примени од градоначалникот на Скопје, Трифун Костовски, а во работна посета делегацијата беше и кај претседателот на РМ, Бранко Црвенковски, кај премиерот Владо Бучковски и кај претседателот на Собранието на РМ, Љупчо Јордановски.
Меморијалниот ден беше збогатен со традиционалниот комеморативен концерт на кој настапи хорот Моис Хасон и виолинистот Михајло Куфојанакис, а со неколку културни манифестации на 13 март и градот Битола им оддаде почит на своите сограѓани евреи кои заминаа и никогаш не се вратија во своите домови. На истиот ден и во Штип на споменикот на депортираните евреи беше положено цвеќе коешто со топлината на детските творби го врати времето во коешто штипјаните не стигнаа да се поздрават со своите пријатели евреи.
Времето минува, но спомените не бледнеат, а раните за нашите најмили не се лекуваат. Нека почиваат во мир. Наша задача е да го следиме нивниот пример на добрина, толеранција и почитување на другите.

**Подготвил: Ави М. Козма**
**Еврејска заедница во Р. Македонија**

# КАКО СЕ ПРАЗНУВА БОЖИК

**Божик е семеен празник на секое православно семејство, православно огниште во коешто сите сакаат што подлабоко да ја доживеат и почувствуваат чудесната ноќ во Витлеемската пештера**

Настанот Христово раѓање е причина за сите понатамошни настани на Христовиот земски живот, а Божик е празник кога Бог се раѓа на земјата како човек, Богомладенец, со своето раѓање да ни го објасни нашето раѓање и да ни ја открие тајната зошто човекот се раѓа на земјата. Откритието на тајната е: Бог стана човек за да стане човекот Бог по благодат. Од раѓањето на Богомладенецот Христос, меѓу нас луѓето е полнотата на Божеството: Бог е присутен во светот за да се исполниме ние со Него и така да ја оствариме целта на нашето постоење - враќање кон Бога и соединување со Него. Со крштевањето се облекуваме во Христа, со причестувањето се соединуваме со Христа, а Божик нè учи дека сме должни да живееме како оној на кого му е дадено да стане Бог по благодат, а тоа значи да живееме така како што Бог живееше на земјата, бидејќи тоа е единствената смисла на секој човечки живот.

Божик е семеен празник на секое православно семејство, православно огниште во коешто сите сакаат што подлабоко да ја доживеат и почувствуваат чудесната ноќ во Витлеемската пештера. Божик е празник на љубовта, на децата и детството, на родителите, на мајчинството и татковството, всушност тоа е празник на раѓањето на нов и препороден човек. Затоа овој празник е проследен со најубави верски обичаи и обреди. Неколку недели



пред Божик, како и неколку недели по Божик, во секоја христијанска куќа се чувствува свечено празнично расположение. Луѓето се веселат и се радуваат, во куќите и семејствата владее пријатно духовно расположение и во таквата прилика луѓето се смируваат едни со други, си ги простуваат едни на други навредите нанесени преку целата година, така што целиот народ станува една душа.

За Божик се подготвуваме со пост шест недели, што значи дека празникот се најавува неколку недели однапред. Постот и молитвата се голем дар Божји, без којшто нема обожување и спасение. Тие се наше благодатно учество во Крстот Христов, па затоа и во Неговото Воскресение. Постот и молитвата ги осветил и ни ги подарил во Црквата Самиот Господ, Богочовекот Исус Христос, преку севкупниот Свој живот во тело меѓу нас луѓето. Господ постеше во пустината четириесет дена и четириесет ноќи и често се повлекуваше насамо на молитва. Оттогаш па наваму, постот и молитвата во Црквата се запазуваат и се живеат како една од нашите најголеми светости. Под пост, во поширока смисла на зборот, се подразбира севкупниот христијански живот и начин на постоење во Црквата, опфаќајќи ја тука и молитвата.

Освен со телесен и духовен пост, се подготвуваме за дочекувањето на Божик и со други активности. Имено, со самиот празник се поврзани и многу обичаи коишто започнуваат недели пред празнувањето на Христовото раѓање. Уште на празникот Свети Никола, кој го славиме на 19 декември, го китиме божикното дрво со лампиони, на врвот на божикното дрво ставаме ѕвезда, а под него сè до Божик се собираат подароци за децата, како и за другите членови на семејството. Божикното дрво може да биде елка, бор или друго зимзелено дрво, тоа го симболизира самиот Христос, Богомладенецот, чие раѓање го славиме на Божик, 7 јануари. Ѕвездата којашто се наоѓа на врвот на елката ја симболизира ѕвездата којашто ги водела мудреците до местото каде што се родил Христос, за да му се поклонат, а подароците што се ставаат под божикното дрво ги симболизираат подароците со коишто мудреците го дарувале Христос.

Вечерта, пак, во очи на Божик, се нарекува Бадник. Основни елементи на бадниковите обичаи се бадниковото гранче, посната трпеза и бадниковото лепче. Значи, Бадник се нарекува бидејќи тој ден во секоја православна куќа се внесува бадниково гранче, со кое за време на бадниковата вечера се пали огништето и тоа треба да гори цела вечер. Потоа домаќинката ја поставува посната вечера. Симболиката на бадниковото гранче е тесно поврзана со раѓањето Христово во Витлеемската пештера и има длабока духовна смисла. Младото бадниково дрво го симболизира самиот Богомладенец Христос: како што тоа од огништето нè грее и ја осветлува целата куќа, така и Христос ги осветлува и грее нашите души. Освен тоа, бадниковото гранче во мислите нè враќа во онаа студена витлеемска ноќ, кога праведниот Јосиф го ложел оганот за да ги згрее новороденчето и Богомајката.

За Бадник, освен посната трпеза, која домаќинката ја подготвува со посебна љубов со што ја искажува големата радост за доаѓањето на Бога при нас, исто така меси и посно колаче во коешто се става паричка. За време на вечерата, најстариот член на семејството го крши посниот колач на онолку делови колку има членови семејството, давајќи им на сите по едно парче. Се верува дека оној кој ќе ја пронајде паричката во својот дел од лепчето, во годината којашто иде ќе го следи голем божји благослов, здравје и среќа. Јасно е дека ова посно лепче го претставува самиот Христос, небесниот леб, Кој дошол да им се дарува на луѓето, велејќи: „Јас сум лебот на животот, кој доаѓа при Мене, нема да огладне, и, кој верува во Мене, нема никогаш да ожедне" (Јн: 6,35).

Утрото на Божик, православните христијани присуствуваат на божикната света литургија, земајќи свое учество во неа, причестувајќи се со вистинското тело и крв Христова, откако за тоа соодветно се подготвувале со пост и молитва. Откако христијаните ќе се вратат од црква, во куќата го чекаат првиот гостин, кој кога ќе дојде го благословува целото семејство и го моли Бога за здравје, среќа и бериќетна година на домаќините кои го примиле на гости. Гостинот при влегувањето во куќата ги поздравува домаќините со поздравот „Христос се роди", а тие го отпоздравуваат со „Вистина се роди". Со овој поздрав се поздравуваат православните христијани сè до празникот Богојавление, празник којшто е посветен во чест на Христовото крштевање во реката Јордан и го славиме на 19 јануари. Доаѓањето на гостинот ги симболизира самите божји ангели кои им јавиле на витлеемските пастири за раѓањето Христово, а исто така ги симболизира и самите пастири кои први му се поклониле на Богомладенецот Христос.

Од сето ова, можеме да заклучиме дека споменот којшто го славиме во чест на Христовото раѓање е еден од најрадосните празници, втор по големина меѓу христијанските празници, по Велигден, меѓутоа празнувањето на Божик е најсвечен и најубав дел од целата календарска година за секое христијанско семејство.

# КАКО СЕ ПРАЗНУВА ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН

**Еден од најрадосните и најубавите христијански обичаи е бојадисувањето црвени јајца за Велигден**

Воскресението Христово е централен настан и историска вистинитост на којашто се темели учењето на православната црква, но и вистина којашто непрекинато трае и се продолжува сè до крајот на светот и векот. Затоа Велигден го сметаме за празник над празниците. Велигден е логична неопходност на богочовечката личност Христова, зашто Синот Божји не можеше да не воскресне. Иако навистина мртов со телото и сохранет на Велики петок, Спасителот се покажа појак и од смртта. Воскресението е космички настан, видлив и очигледен за небесните сили и несомнилив за човечкиот род: причина е и потврда на нашето лично воскресение и вечниот живот во којшто човечката природа ја добила својата вистинска смисла и значење.

За празникот Воскресение, христијаните се подготвуваат со пост во траење од седум седмици, преку којшто ја подготвуваат својата душа и тело за средба со Христос преку светата причест.

На празнувањето на Велигден му претходат неколку православни празници (Лазарева са-

бота, Цветници), кои ја најавуваат Големата или Страсна седмица на Христовите страдања. Страсната седмица е последната седмица пред Велигден, која се слави во спомен на последните земски денови на Христос. Во текот на оваа седмица во православните храмови се вршат посебни, прекрасни богослужења: на Велики четврток се служи литургијата на Св. Василиј Велики и вечерно читање на дванаесетте евангелија за страдањето Христово; а на Велики петок се изнесува плаштаницата – платно на коешто е прикажано полагањето Христово во гробот, кое верниците го целиваат сè до Велигден, а нејзиното полагање е на посебно украсена маса, која ја симболизира Христовата гробница. Овие богослужења кај верниците не будат само спомен во смисла на пиетизам на настаните Тајна вечера и Христово страдање на крстот, туку и свест дека сме активни учесници во сите тие настани сега, но и во идниот век, бидејќи сите тие имаат свое исходиште во несогледливата радост на сеопштото воскресение.

Еден од најрадосните и најубавите христијански обичаи е бојадисувањето црвени јајца за Велигден. Јајцето е симбол на воскресение, бидејќи од него со разбивање на лушпата се раѓа нов живот во нов облик, како што и Христос го разбил гробниот камен и оковите на смртта и со тоа нè повел нас во нов живот. Затоа и христијаните ја изразуваат својата воскресна радост, пеејќи го тропарот: „Христос воскресе од мртвите со



смртта, смртта ја победи и на тие во гробовите живот им дарува", каде е содржано суштинското празнување на овој најголем христијански празник. Бојадисувањето на јајцата исто така се врши и во спомен на настанот кога Св. Марија Магдалена Мироносица, девојка која заедно со Пресвета Богородица постојано била со Христос за време на Неговите голготски страдања и на која Христос прв ѝ се јавил по воскресението, проповедајќи го Евангелието во Рим го посетила царот Тибериј. Тогаш му предала црвено обоено јајце и го поздравила со зборовите: „Христос воскресе"! – црвено како симбол на Христовата невино пролиена крв, но и како симбол на воскресението, бидејќи без страдање и смрт, нема воскресение.

Воскресната богослужба е најсвечена, најсветла и најрадосна од сите во текот на годината и претставува кулминација на празнувањето на Велигден, бидејќи е најдлабок духовен настан и икона на Царството Божјо, кое се пројавува тука и сега. На крајот од литургијата епископот или свештеникот ги поздравува христијаните со поздравот „Христос воскресе!", делејќи им црвени јајца, а тие го отпоздравуваат велејќи „Навистина воскресе!" Со овој серадосен поздрав, православните христијани се поздравуваат четириесет дена по Велигден или до празникот Спасовден, кој се прославува во чест на Христовото вознесение на небото.

Инаку, Велигден е подвижен празник којшто се празнува секогаш во недела, по еврејската Пасха, во првата недела по полниот месец, кој паѓа на самиот ден на пролетната рамнодница или непосредно по неа, а никогаш пред неа. Најрано може да се празнува на 4 април, а најдоцна на 8 мај.

**Подготвила: Анета Јовковска**

# КАКО СЕ ПРАЗНУВА БАЈРАМ

## Крајот на месецот на постот е одбележан со веселба наречена Бајрам

Денот на празнувањето на Бајрам за верниците од исламската вероисповед претставува ден исполнет со радости, веселби, соединување, помагање и простување.

Исламот како религија набројува неколку празници, а најважните од нив се: Рамазанскиот Бајрам и Курбан Бајрам. Рамазанскиот Бајрам се слави по завршувањето на постот во месецот 1. Шеввал од исламскиот календар.

Деновите на празнувањето на Бајрам претставуваат награда за муслиманите кои во текот во месецот на постот го достигнуваат врвот на моралниот успех. Во периодот на постот тие докажуваат способност да се спротивстават на силите на природата и инстинктите за храна. Преку постот се нагласуваат моралните вредности и религиската чистота. Крајот на месецот на постот е одбележан со веселба наречена Бајрам, која муслиманите ја слават со заеднички намаз, со посета на пријатели. Во овие денови најмногу им се посветува внимание на децата за кои се купуваат подароци, а во тие денови им се посветува внимание и на сиромашните и на сираците кои се наградуваат со прилози и подароци.

**Подготвила: Нуртен Назим**

# ПРАЗНУВАЊЕТО НА КУРБАН БАЈРАМ

По 68 дена од Рамазанскиот Бајрам следува празникот Курбан Бајрам, кој почнува да се слави во месецот Зилхиџе од исламскиот календар. Курбан буквално значи: блискост кон Бога и покорност.



Оваа исламска традиција почнува да се слави 2000 г. пред нашата ера кога пророкот Ибрахим (Абрахам) требаше да го изврши ветениот збор кон Алах. Неговата заклетва беше жртвување на саканиот син Исмаил а.с. (Ишмае). Вербата во Бога на Ибрахим не му дозволуваше ништо друго освен да го исполни дадениот збор. По ова искушение на пророкот Ибрахим пред да го жртвува својот син, Семоќниот Алах за возврат на неговата покорност го наградува со жртвување овен, наместо на саканиот син. Од тој ден, сè до денеска, муслиманите низ целиот свет ја исполнуваат оваа должност во знак на покорност кон Алах.

Самата симболика на Курбан Бајрам значи жртвување и богобојазност. Овој ден муслиманите го започнуваат со заеднички намаз, а по овој ритуал ги посетуваат починатите блиски за да им посветат молитви кон нивните души. Потоа следува заедничкиот ручек со најблиските на којшто трпезата е богато подготвена со традиционална храна.

По ручекот се врши жртвувањето на животното. При жртвувањето се спомнуваат името Алах и цитати од Куранот. Самиот чин на жртвувањето треба да се врши во најхигиенски услови и од страна на вешто лице. Месото на коленото животно по практика од животот на нашиот пророк Мухамед а.с. се дели на три дела: една третина од месото се дава на сиромашни, една третина на соседи и на роднини, една третина се задржува. По жртвувањето, следува посета на роднини, пријатели и соседи, кое трае четри дена. По традиција, во овие денови се служи најмногу слатко, особено баклава.

Бајрамските празници низ целиот исламски свет се дочекуваат со голема радост, во овие денови муслиманските градови и села се во заедништво и веселба, се сеќаваме на најдрагите, ја споделуваме радоста со сиромашните којашто е цел на бајрамските денови.

Ова се денови во коишто се изразува социјалната врска на меѓусебното соединување на муслиманите. Исламскиот пророк Мухамед а.с. вели: Вам ви се подарени два празника, Рамазанскиот и Курбан Бајрам, кој истовремено истакнува дека овие денови се денови на радости, веселби, помагање, соединување и простување.

Нека ни се сите денови со бајрамско значење... Амин.

**Подготвила: Нуртен Назим**

**ПОИМНИК:**

**Исповед:** тоа е света тајна преку којашто се простуваат нашите гревови, ако се исповедаат, и преку којашто добиваме измирување со Бога. Исповедање на гревовите се врши пред свештеник, по што свештеникот чита молитва во име на Света Троица за разрешување на лицето кое се кае.

**Песах:** ослободување од ропството и заминување на евреите од Египет пред 3318 години.

**Причест:** тоа е света тајна преку којашто побожните христијани во вид на леб и вино го примаат вистинското тело и крв на Господ Исус Христос. Христос, Самиот ја востановил оваа света тајна пред своите ученици на последната Негова вечера во очи на Неговото страдање и смрт.

**Хиџра:** ја претставува миграцијата на Божјиот Пратеник Мухамед од Мека во Медина и воедно го претставува и почетокот на исламскиот календар.

**Тромесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка**

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2

**Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија**

1. **Македонска православна црква**
Бул. „Партизански одреди“, 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
Ул.„Чаирска“ 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
Ул. „Ристо Шишков“31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
Ул. „Борка Талески“24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
Ул. „Дебарце“ 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква „Радосна вест“ во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-”Универзален живот”**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква ”Слово на надеж”**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква ”Блага вест„**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**

